Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 20 став 1 точка 46) од Законот за одбрана („ Службен весник на Република Македонија” бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.42/20), министерката за одбрана, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за исхрана на припадници на Армијата на Република Македонија

### Член 1

Во Правилникот за исхрана на припадници на Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-446/1 од 16.01.2015 година и бр. 01-7732/1 од 23.12.2021 година, насловот на правилникот, се менува и гласи: „Правилник за исхрана на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија“.

### Член 2

Во целиот текст на правилникот, зборовите: „Армијата на Република Македонија“ и „Армијата на РМ “ се заменуваат со зборовите: „Армијата на Република Северна Македонија“.

### Член 3

Во целиот текст на правилникот зборовите: „Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „ Република Северна Македонија“.

### Член 4

Во член 1 став 1, по зборовите: „организирање на исхрана на“, се додаваат зборовите: „вработените во Министерството за одбрана и“.

Во член 1 став 3, во воведната реченица зборовите: „Во Армијата“, се бришат.

Во член 1 став 3, во точката з), по зборовите „(во натамошниот текст МО)“, се става точка, а зборовите „кои по било кој основ остваруваат активности во рамките на Армијата”, се бришат.

Член 5

Во член 2, зборовите: „во Армијата“, се заменуваат со зборовите: „за потребите на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата“.

Член 6

Во член 5 став (5), по зборот „гарнизонот“ се додаваат зборовите „и Раководителите на организациските единици во Министерството за одбрана”.

Член 7

Во член 8 став 1 по зборовите: „за потребите на“, се додаваат зборовите: „вработените во Министерството за одбрана и“.

Член 8

Во член 42 во воведната реченица, зборовите: „Во Армијата“, се заменуваат со зборовите: „За потребите на вработените во Министерството за одбрана и припадниците на Армијата“.

Во член 42 , по алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„-дневен обед/ручек (готвен или сув обед)”.

Член 9

Во членовите 50, 51, 52, 53, 55 и 61 став 1 точка 8. зборовите: „припадниците на единиците за специјални операции, воената полиција, летачкиот персонал на воздухоплови и припадниците на единиците за специјална намена” се заменуваат со зборовите: „припадниците на единиците за специјални сили, извидувачко разузнавачкиот баталјон, воената полиција, летачкиот персонал на воздухоплови и специјалисти летачи”.

Член 10

По членот 55 се додава нов член 55-а, кој гласи:

„По исклучок од членот 55 на овој правилник, кога обедот/ручекот е организиран и подготвен од специјализира фирма, истиот ќе го замени приготвениот обед од готвениот полуоброк”.

Член 11

Во член 61, по точката 8. се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

„9. Сите лица од член 1, став 3 точки в), ж) и з), во текот на работното време, кога ќе се обезбедат услови за подготовка и поделба од страна на специјализирана фирма.

10. Организацијата на бесплатна исхрана во организациските единици на Министерството за одбрана, во гарнизоните каде нема единици на Армијата, се регулира со склучување на посебни договори со соодветни правни лица од местото каде истите се лоцирани.”

Член 12

Овој правилник влегува во сила на денот на донесувањето.

Бр. 01-1629/1
20.04.2023
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
с.р. Славјанка Петровска

Изработил: потполковник Васе Мојсоска с.р.
Согласен: полковник Ирена Минева с.р.
Одобрил: Владимир Анчев с.р.